**Г Р А Д  С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на сектор за сообраќај по овластување од Градоначалник**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ - Скопје за 2024 година

Скопје, декември 2023 год.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на РМ", бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/18; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 89/22 и 274/22) Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на субвенции на ЈСП „Скопје" - Скопје за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Градот Скопје му дава субвенции на ЈСП „Скопје„ – Скопје, наменети за:

- Обезбедување на карти за возрасни лица -бесплатен превоз на возрасни лица (над 62 години старост за жени и над 64 години старост за мажи) во вторник, петок, сабота и недела, и бесплатен превоз на редовни студенти на додипломски студии на државните универзитети во износ од 140.400.000,00 денари;
- Потешкотии во работењето, во износ од 500.000.000,00 денари;
- Функционирање на АЛВ и систем за интелегентна наплата, во износ од 60.000.000,00 денари;

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

Број __ – _______
__ декември 2023 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 5/02) и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на РМ“, бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, и 274/22 ).

Во Буџетот на Град Скопје за 2024 година се предвидени 140.400.000,00 денари средства за бесплатен превоз на најранливата категорија на патници и тоа возрасни лица (над 62 години старост за жени и над 64 години старост за мажи) во вторник, петок, сабота и недела и бесплатен превоз на редовни студенти на додипломски студии на државните универзитети

Согласно препораките на Меѓународната асоцијација за патен транспорт (ИРУ), како и Меѓународната асоцијација за јавен транспорт (УИТП), Советот на Градот Скопје уште во 2008 година започна да го субвенционира Јавното сообраќајно претпријатие.

Со цел подобрување на квалитетот на јавниот превоз на поширокото подрачје на Град Скопје во Буџетот на Град Скопје за 2024 год за потешкотии во работењето на ЈСП „Скопје“ Скопје предвидени се 500.000.000,00 денари.

Во текот на 2014 година, ЈСП „Скопје“ - Скопје набави опрема и изврши имплементација на системите за АЛВ и за интелигентна наплата. Со цел нормално функционирање и редовно одржување на информатичката и компјутерска технологија за потребите на ЈСП „Скопје“- Скопје, во Буџетот на Град Скопје за 2024 год се предвидени 60.000.000,00 ден.

Од претходно наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈСП „Скопје“ – Скопје за 2024 година.